Врз основа на член 9 точка 2 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија бр. 66/10 и 145/10) и член 40 од Правилникот за внатрешна организација на Државниот завод за ревизија, бр.01-01-1255/1 од 24.12.2013 година, главниот државен ревизор донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
## за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година

1. Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година број 01-1259/1 од 25.12.2013 година, во точка 2 бројот „99" се менува и гласи „101".

2.Во Преглед на планирани ревизии за 2014 година, Прилог 1 - редниот број „77 "се дополнува со реден број „78" и гласи:

| ИК | Ред. бр. во Годишна програма | Ред. бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| 7 | 78 | 21 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Богданци |

3.Редните броеви „78, 79, 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99" се менуваат и гласат „79, 80, 81, 82, 83, 84, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 91, 92, 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99, 100".

4.Во Преглед на планирани ревизии за 2014 година, Прилог 1 - редниот број „100 "се дополнува со реден број „101" и гласи:

| ИК | Ред. бр. во Годишна програма | Ред. бр. во класата | ОПИС | Место |
|---|---|---|---|---|
| 7 | 101 | 6 | Ефикасност на мерки, политики и проекти за подобрување на квалитетот на услугите за сместување во студентските домови во РМ | Скопје и други градови |

5.Годишната програма за изменување и дополнување на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година влегува во сила со денот на донесувањето.

Главен државен ревизор,

м-р Тања Таневска

бр.01- 359/1

Скопје, 03.03.2014